На 30 октомври 2019г., во просториите на МЦМС се одржа работилницата „Како да ги подобриме транспарентноста и отчетноста на граѓанските организации во Македонија“
.
Учесниците во дискусијата заклучија дека само-регулацијата во граѓанскиот сектор ќе придонесе кон подобрени практики на отчетност и транспарентност, дека здруженијата треба да развијат модел на етички заложби кој ќе ги опфати основните вредности и принципи за транспарентно и отчетно работење, а исто така, дека зголемената финансиска транспарентност е клуч за подобрување на довербата во граѓанското општество.




На работилницата присуствуваа 16 претставници на граѓански организации, а модерато р беше Тина Дивјак од
 [Центарот за информирање, соработка и развој на невладини организации (ЦНВОС)]
од Словенија.

Учесниците ги дискутираа ставовите и очекувањата на здруженијата за транспарентноста и отчетноста, за нивниот придонес кон саморегулација во граѓанскиот сектор, како и за веќе воспоставените пракси на саморегулација. Освен тоа, тие се мотивираа и се подготвија за воспоставување и функционирање на **Мрежа за транспарентност и отчетност на граѓанските организации**
.

Поконкретно, се говореше за степенот и трендовите на практикување на транспарентност и отчетност на граѓанските организации, нивните законски обврски по ова прашање, евентуалните механизми на саморегулација на ниво на мрежи и на секторско ниво доколку постојат, предизвиците и нивното надминување при воспоставување на овие механизми.

Оваа работилница се реализираше во рамки на програмата „Одржливо граѓанско општество – државно финансирање на граѓански организации“ финансирана од Европската Унија.